# План за спроведување
# на проценка на влијанието на регулативата

| | |
|---|---|
| **Наслов на предлог законот:** | Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите |
| **Министерство:** | Министерство за внатрешни работи |
| **Лице за контакт/одговорно лице:** | Виолета Андоновска, државен секретар<br>Весна Доревска, помошник на министерот во Сектор за правни работи и управување со човечки ресурси |
| **Очекуван датум за усвојување на предлог законот:** | 31.10.2011 |
| **Поврзаност со ЕУ директиви** | Не |

| |
|---|
| **Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**<br>**(Забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот елетронски регистар на прописи)** |

## А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

### 1. Кои се главните проблеми?

Собранието на Република Македонија на ден 18.11.2010 година го донесе новиот Закон за кривичната постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 150/10). Со овој закон се утврдени нови правила со кои се овозможува правично водење на кривичната постапка, така што се гарантира дека никој невин да не биде осуден, а на столителот на кривичното дело да му се изрече кривична санкција под условите предвидени во Кривичниот законик и врз основа на законито спроведена постапка.

Со овој закон, меѓу другото се регулираат посебните истражни мерки на начин различен од одредбите содржани во претходниот закон за кривичаната постапка. Една од посебните истражни мерки утврдена со овој

закон е следењето и снимањето на телефонските и другите електронски комуникации.

Следењето на комуникациите е регулирано со Законот за следење на комуникациите („Службен весник на Република Македонија“ број 121/06 и 110/08).

Со оглед на содржински различните решенија конципирани во наведените закони, Министерството за внатрешни работи ја утврди потребата од суштинско усогласување на законот со Законот за кривичната постапка.

**2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?**

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите содржи решенија и содржинско односно терминолошко-техничко допрецизирање на одредени одредби во функција на нивна соодветна усогласена практична имплементација во духот на новите правила на кривичната постапка.

**3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?**

Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Јавното обвинителство, институциите кои ќе партиципираат во рамки на правосудната полиција (Финансиската полиција и Царинската управа), судската власт, Секретаријатот за законодавство, научната јавност и невладиниот сектор.

<u>Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата</u>

**1. Кои информации и податоци се веќе достапни?**

Достапни и анализирани се решенијата содржани во Законот за кривичната постапка и Законот за следење на комуникациите.

**2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?**

Во оваа фаза не се потребни дополнителни информации и податоци.

**3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата – принцип на пропорционална анализа)?**

Иницијална проценка на влијанието на регулативата

**4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?**

Проценката на влијание на регулативата ќе биде извршена од страна Министерството за внатрешни работи.